Инфо билтен – септември 2023 година



Ледничко езеро на Јабланица, август 2023 © Еко-свест

**Повици**

Локалната канцеларија Еко-свест во Вевчани објави повик за нови членови кои сакаат да се приклучат кон нашата организација. Шалтерот е отворен без краен рок.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Општина Центар ја понесе титулата за најдобра вело-општина како признание кое за првпат годинава го воведуваат Здружението на граѓани „Центар за одржливи иницијативи“ заедно со групата ентузијасти со цел подобро велосипедско Скопје – НаТочак.

Под-грантистот Аналитика, во рамки на програмата „Граѓанските организации во акција за климатските промоени“ промовираше публикација за енергетска сиромаштија.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

На крајот од август под-грантистот МЕД одржа работилница за вмрежување на идните партнери на зелената комуна Белица од поширокиот регион на Илинска-Плакенска планина, во соработка со Здружението за развој на М.З. с.Белица.

Од 15 до 17 септември, во организација на Еко-свест и Македонската Соларна Асоцијација во Скопје Сити Мол се одржа „Соларен Саем“. Целта на овој настан е да се подигне свеста за моќта што ја имаат граѓаните како потрошувачи да влијаат за подобрување и заштита на животната средина, заштеда на струја, но и пари, а со цел да се намалат последиците од климатските промени.

**Енергија**

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко свест Скопје, Македонското здружение на млади правници, Институтот за економски и енергетски политики и истражувања, Македонската платформа против сиромаштија и Солар Македонија во периодот од ноември 2022 година до август 2023 година ги анализираа условите за поставување различни типови на соларни системи на покривите на домовите.

Со оглед на тоа дека во моментов се случуваат важни процеси на измени во секторот енергија со цел забрзување на енергетската транзиција и усогласување со европското законодавство ние испративме и отворено писмо до Владата и институциите и се надеваме дека нашите препораки ќе бидат земени во предвид, а се со цел да се намалат и ублажат последиците од климатските промени и подобрување на квалитетот на воздух во државата.

**Води**

Во Карловац ја претставивме нашата иницијатива „Заедно за реките“, која ги соедини партнерите од Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Македонија и Србија кои заеднички работат на зачувувањето на 13 реки во регионот.

**Заштита на природа**

Посетата на Вевчани и Споменикот на природата „Вевчански извори“ одсега ќе биде уште поубаво и поинформативно доживување. Поставивме нови информативни табли за никој да не пропушти ништо од оваа убавина.

Со интерактивна дискусија за важноста да се заштити природата преку заштитените подрачја во Југозападниот регион и проекција на кратки филмови, Еко-свест учествуваше на седмото издание на фестивалот на краток филм „Drim Short 2023“ кој се одржа во Струга.

Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Општина Охрид, организира јавна расправа по Нацрт Законот за прогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје во категорија III - Споменик на природата. Јавната расправа ќе се одржи во големата сала на Општина Охрид на 14.09.2023 (четврток) со почеток во 10:00 часот.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Спелеолозите од Истражувачкото друштво „Урсус спелеос“ евидентираа нова пештера во Националниот парк Галичица. Пештерскиот екосистем е зачуван во неговата природна форма, без евидентирани човекови влијанија.

**Публикации**

Нова публикација – Анализа на усогласувањето и спроведувањето на законодавството за енергетска ефикасност (2023), подготвена од Еко-свест

Нова публикација – Стратешко управување со животната средина и климатските промени на централно ниво (2023), подготвена од МЗМП во рамки на проектот #ЗаедноЗаКлиматскаАкција

Нова публикација – Стратешко управување со животната средина на локално ниво (2023), подготвена од МЗМП во рамки на проектот #ЗаедноЗаКлиматскаАкција

**Медиуми**

Автопатите на Коридорите 8 и 10д може негативно да влијаат врз шумскиот фонд. Прочитајте го овој осврт на мкд.мк за нашиот документ за јавни политики насловен како „Коридорите 8 и 10д – Дали имаме доволно гаранции дека изградбата на автопати нема да влијае негативно врз шумскиот фонд“.

Глобалното затоплување го стеснува просторот за раст и развој на моликата и боровинките на Пелистер.

Земјоделците од 22 земји-членки на Европската Унија што се погодени од климатските промени, ќе добијат дополнителни средства за заштита и одржување на сопственото производство, но и за покривање на високите трошоци и за надминување на проблемите од нарушувањето на пазарот на храна.

**Разно**

Сензационално откритие: најстарите леќа и грашок во Европа се откриени во археолошкиот локалитет Влахо во срцето на Пелагонија. Наодите се веќе објавени во научното списание Vegetation History and Archaeobotany.

Стручњаците за знаковен јазик во Велика Британија, неодамна го дополниле овој јазик со термини кои се однесуваат на климатските промени, како што се на пример јаглероден отпечаток, стакленички гасови и сл.

Овој напис во Гардијан се повикува на научни студии кои потврдуваат дека загадувањето на воздухот е поврзано со зголемувањето на отпорноста на антибиотици што го загрозува здравјето кај луѓето. И дека тоа е глобален феномен кој се јавува во сите земји.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП

CNVP Building a Greener Economic Environment